# Статистика на финансиските сметки – квартални состојби, неконсолидирани податоци

Дирекција за статистика
Отсек за статистика на финансиските сметки
октомври 2024 година

# Анализа на финансиските сметки – состојби на крајот на вториот квартал од 2024 година, по сектори и инструменти

# Финансиски средства и обврски на националната економија

- **Негативната нето финансиска позиција** на домашната економија **на крајот од вториот квартал од 2024 година изнесува 573,9 милијарди денари**, што претставува продлабочување за 17,3 милијарди денари во однос на претходниот квартал. Во однос на крајот на 2023 година НФП е продлабочена за 41,2 милијарди денари.
- Во однос на релативните показатели, **негативната нето-позиција во вториот квартал изнесува 64% од БДП***, што претставува влошување за 1,9 п.п. во однос на претходниот квартал.

**Вкупни финансиски средства, обврски и нето финансиска вредност- национална економија (% од БДП)**




** Податокот за БДП е годишен, извор: Државниот завод за статистика (соопштенија од 07.03.2024 година и од 04.09.2024 година), освен податокот за БДП за 2024 година кој е проекција на НБРСМ.*

# Финансиски средства и обврски на националната економија

- Анализирано од аспект на секторите, домаќинствата и секторот „странство“ се нето-кредитори и ги финансираат останатите сектори во националната економија (НФД и државата), коишто се нето-должници. Финансискиот сектор и натаму има речиси избалансирана нето финансиска позиција.

- Динамички гледано, на квартална основа, продлабочувањето на негативната НФВ како % од БДП, произлегува од влошената позиција на нефинансиските друштва и финансиските друштва, во услови на подобрена нето-позиција на домаќинствата и државата.



# Финансиски средства и обврски на националната економија, по сектори

- На крајот на вториот квартал од 2024 година, **вкупните средства на националната економија** изнесуваат 3.995 милијарди денари и остварија квартален раст од 48,3 милијарди денари, или 1,2%, како резултат на порастот на вкупните финансиски средства на домаќинствата, финансиските друштва и државата.

- Во однос на последниот квартал од 2023 година, вкупните средства на националната економија бележат пораст од 138 милијарди денари, или 3,6%. Нагорната промена е резултат на зголемените средства кај сите сектори, во најголем дел кај домаќинствата и финансиските друштва.

**Квартална промена на вкупните средства, по сектори (милијарди денари)**




**Годишна промена на вкупните средства, по сектори (милијарди денари)**



# Финансиски средства и обврски на националната економија, по сектори

- На крајот на вториот квартал од 2024 година, **вкупните обврски** изнесуваат 4.569 милијарди денари и оствариja квартален раст од 65,6 милијарди денари, или 1,5%, како резултат на порастот на обврските на сите сектори, а во најголем дел кај финансиските и нефинансиските друштва.

- Во споредба со последниот квартал од претходната година, вкупните обврски бележат пораст од 179,2 милијарди денари, или 4,1%. Раст на вкупните обврски е евидентиран кај сите сектори, при што најголем придонес имаат нефинансиските и финансиските друштва, по што следуваат државата и домаќинствата.

**Квартална промена на вкупните обврски, по сектори (милијарди денари)**




**Годишна промена на вкупните обврски, по сектори (милијарди денари)**



# Финансиски средства и обврски на националната економија, по инструменти

- Анализирано по инструменти, **на страната на средствата** најголем квартален раст е забележан кај капиталот (26,7 милијарди денари), кај кредитите (12,1 милијарда денари), готовите пари и депозитите (11,2 милијарди денари), должничките ХВ (9,2 милијарди денари) и побарувањата врз основа на осигурувањето (4,4 милијарди денари). Намалување единствено има кај останатите побарувања (17 милијарди денари).
- Во споредба со крајот на 2023 година, најголем раст е забележан кај побарувањата врз основа на капитал (74,6 милијарди), по што следуваат кредитите (47 милијарди денари) и должничките ХВ (34 милијарди денари). На годишно ниво, намалување има кај готовите пари и депозитите (35 милијарди денари).

**Квартална промена на вкупните средства, по инструменти (милијарди денари)**




**Годишна промена на вкупните средства, по инструменти (милијарди денари)**



# Финансиски средства и обврски на националната економија, по инструменти

- **На страната на обврските,** најголем квартален раст е забележан кај капиталот (38,9 милијарди денари), кредитите (13,2 милијарди денари) и готовите пари и депозитите (12 милијарди денари), додека намалување е евидентирано кај останатите обврски (9,4 милијарди денари).

- Во споредба со крајот на 2023 година, најголем раст е забележан кај обврските врз основа на капитал (112,7 милијарди денари) и кредитите (49,4 милијарди денари). Останатите инструменти имаа помало влијание врз годишниот раст на обврските. Намалување е забележано единствено кај готовите пари и депозитите (8,1 милијарда денари).

**Квартална промена на вкупните обврски, по инструменти (милијарди денари)**




**Годишна промена на вкупните обврски, по инструменти (милијарди денари)**



## АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ФИНАНСИСКАТА СМЕТКА ПО СЕКТОРИ

# Сектор на нефинансиските друштва (НФД)

- **Нето финансиската вредност** на секторот НФД во вториот квартал од 2024 година е негативна и изнесува 1.097 милијарди денари, што претставува квартално продлабочување од 29,1 милијарда денари, или 2,7%. Во однос на крајот од 2023 година, нето финансиската позиција е влошена за 6,2%.

- Анализирано низ релативните показатели, негативната нето финансиска вредност изнесува 122% од БДП, што претставува влошување од 3 п.п. во однос на претходниот квартал.






# Сектор на нефинансиските друштва (НФД)







- **Кварталната промена** на вкупните средства е негативна и изнесува 2,4 милијарди денари, при што најголемо намалување е забележано кај останатите побарувања (19 милијарди денари), додека пораст бележат капиталот (7,7 милијарди денари), кредитите (6,4 милијарди денари) и готовите пари и депозитите (2,8 милијарди денари).
- **Во однос на крајот од 2023 година,** вкупните средства на НФД се повисоки за 19,7 милијарди денари, при што позабележителен раст е остварен кај капиталот (19,8 милијарди денари) и кредитите (13,1 милијарда денари), додека намалување има кај готовите пари и депозитите (8,4 милијарди денари) и останатите побарувања (4,7 милијарди денари).

# Сектор на нефинансиските друштва (НФД)

**Квартална промена на вкупните обврски, по инструменти (милијарди денари)**




**Годишна промена на вкупните обврски, по инструменти (милијарди денари)**




- **На квартално ниво,** вкупните обврски се зголемени за 26,7 милијарди денари, како резултат на растот на капиталот (21,9 милијарди денари) и кредитите (13,7 милијарди денари). Намалување е забележано кај останатите обврски (8,9 милијарди денари).

- **Во однос на крајот од 2023 година,** вкупните обврски се повисоки за 84 милијарди денари, главно како резултат на порастот на капиталот (59,8 милијарди денари) и кредитите (23,9 милијарди денари).

# Долг на секторот на НФД

- Долгот* на НФД во вториот квартал од 2024 година изнесува 579,2 милијарди денари, што претставува зголемување во однос на претходниот квартал од 13,7 милијарди денари, главно поради растот на задолжувањето на претпријатијата од финансискиот сектор.
- Од секторски аспект, НФД речиси подеднакво се задолжуваат од финансискиот сектор (банките) и од странство, додека помал дел отпаѓа на меѓукомпанискиот задолжување.

**Долг на нефинансиските друштва**




**Структура на долгот на нефинансиските друштва, по сектори**




** Во долгот на НФД и останатите сектори во анализата, влегуваат финансиските инструменти: кредити и должнички хартии од вредност*

# Сектор на домаќинствата

- **Позитивната нето-позиција на домаќинствата** на крајот на вториот квартал од 2024 година изнесува 777,6 милијарди денари. На квартална основа е остварен раст од 16,6 милијарди денари, или 2,3%, поради поголемиот раст на финансиските средства за 24,8 милијарди денари, во споредба со растот на обврските за 8,3 милијарди денари. Во однос на крајот од 2023 година, нето финансиската вредност на домаќинствата бележи раст од 6,7%.

- Во однос на релативните показатели, нето финансиската вредност изнесува 86,7% од БДП, што претставува квартално подобрување за 1,8 п.п.






# Сектор на домаќинствата







- Вкупните средства на домаќинствата во вториот квартал се зголемени за 24,8 милијарди денари или 2,4%, **на квартална основа**. Гледано по инструменти, растот се должи на зголемувањето кај готовите пари и депозитите (11,2 милијарди денари), по што следува капиталот (10,7 милијарди денари), побарувањата врз основа на осигурувањето (4,4 милијарда денари), додека кај останатите побарувања е забележано намалување (1,5 милијарди денари).

- Во споредба со **крајот од 2023 година**, средствата на домаќинствата се повисоки за 60,3 милијарди денари, со најголем придонес на капиталот (33,8 милијарди денари), по кои следуваат готовите пари и депозитите (16,5 милијарди денари) и побарувањата врз основа на осигурувањето (8,6 милијарди денари).

# Сектор на домаќинствата







- На страната на обврските, **во вториот квартал од 2024** година е остварено квартално зголемување од 8,3 милијарди денари, или 3,1%. Ова е резултат на зголемените кредити (5,8 милијарди денари) и останатите обврски (2,4 милијарди денари).

- Во споредба **со крајот на 2023 година**, вкупните обврски порасная за 11,2 милијарди денари или 4,2%. Растот произлегува од зголемените кредити за 9,4 милијарда денари и останатите обврски за 1,8 милијарди денари.

# Долг на секторот „домаќинства“

- **Долгот на домаќинствата,** на крајот од првиот квартал 2024 година изнесува 254,8 милијарди денари, или 28,4% од БДП, што претставува зголемување во однос на претходниот квартал од 5,8 милијарди денари.

- Од секторски аспект, задолжувањето на домаќинствата во најголем дел е врз основа на кредитите од банките коишто во структурата на долгот учествуваат со 94%, а помал дел отпаѓаат на задолжувањето од странство и од секторот ОФИ.






# Сектор „држава“

- **Негативната нето финансиска вредност на државата** во вториот квартал од 2024 година изнесува 220,8 милијарди денари и забележа квартално подобрување од 782 милиона денари (0,4%). Во однос на крајот на 2023 година, негативната нето финансиска вредност е подобрена за 668 милиони денари (0,3%).

- Анализирано по потсектори, негативната позиција во најголем дел е резултат на потсекторот „централна власт“, којшто има негативна НФВ од 26,2% од БДП. Локалната самоуправа и социјалните фондови имаат позитивна нето финансиска позиција од 1,2% и 0,3% од БДП, соодветно.

**Финансиски средства и обврски, % од БДП**




**Нето финансиска вредност**



# Сектор „држава“







- Во вториот квартал од 2024 година, вкупните средства на државата забележаа **квартално** зголемување од 3,1 милијарда денари, или 0,9%. Ова во најголем дел е резултат на растот на капиталот за 5,1 милијарда денари, додека депозитите бележат намалување од 2,1 милијарда денари.

- **Во однос на крајот на 2023 година**, вкупните средства забележаа раст од 18,5 милијарди денари, или 5,4%. Зголемувањето се должи пред сѐ на побарувањата врз основа на капитал од 11 милијарди денари, потоа на растот на останатите побарувања за 4 милијарди денари и на готовите пари и депозитите за 3,4 милијарди денари.

# Сектор „држава“







- На страната на обврските е забележано **квартално** зголемување од 2,3 милијарди денари, или 0,4%. Зголемувањето се должи на порастот на обврските врз основа на должнички хартии од вредност за 6,4 милијарди денари, при истовремено намалување на останатите обврски за 3,7 милијарди денари.

- **Во однос на крајот од 2023 година**, вкупните обврски се зголемени за 17,8 милијарди денари, или 3,2%. Растот во најголем дел е резултат на растот кај должничките хартии од вредност за 13,3 милијарди денари и кредитите за 8,8 милијарди денари. Намалување е забележано кај останатите обврски од 3,8 милијарди денари.

# Сектор „финансиски друштва“ (ФД)

- **Нето финансиската вредност** на финансиските друштва во вториот квартал од 2024 година е негативна и изнесува 33,5 милијарди денари, што претставува влошување за 5,5 милијарди денари во однос на претходниот квартал. Нето финансиската вредност е 3,7% од БДП, што е квартално влошување за 0,6 п.п.
- Анализирано по потсектори, влошената нето финансиска позиција на финансиските друштва е резултат на зголемувањето на негативната нето финансиската позиција на банките, во услови на мало подобрување на НФВ на секторот ОФИ и на централната банка.






# Сектор „финансиски друштва“ (ФД)

**Квартална промена на вкупните средства, по инструменти (милијарди денари)**




**Годишна промена на вкупните средства, по инструменти (милијарди денари)**




- **На квартално ниво**, вкупните средства на финансиските друштва бележат раст од 22,8 милијарди денари, со најголем придонес на должничките хартии од вредност (9 милијарди денари), по кои следат кредитите (6,3 милијарди денари), капиталот (3,2 милијарди денари) и останатите побарувања (3,1 милијарда денари).

- **Во однос на крајот од 2023 година**, вкупните средства се повисоки за 39,6 милијарди денари со најголем придонес на должничките хартии од вредност (34,5 милијарди денари), кредитите (33,5 милијарди денари) и капиталот (9,9 милијарди денари), при пад на готовите пари и депозитите (46,5 милијарди денари).

# Сектор „финансиски друштва“ (ФД)

**Квартална промена на вкупните обврски, по инструменти (милијарди денари)**




**Годишна промена на вкупните обврски, по инструменти (милијарди денари)**




- Вкупните обврски на финансиските друштва бележат **квартален раст** од 28,3 милијарди денари, главно како резултат на зголемените обврски врз основа на капитал (17,3 милијарди денари), готови пари и депозити (12 милијарди денари) и осигурувањето (4,4 милијарди денари), при намалени обврски врз основа на кредити (6,1 милијарда денари).
- **На годишна основа** вкупните обврски се повисоки за 66,2 милијарди денари со најголемо учество на капиталот (53,4 милијарди денари), по што следат обврските врз основа на осигурувањето (9 милијарди денари) и кредитите (7,3 милијарди денари), при пад на готовите пари и депозитите (8,1 милијарда денари).

# Сектор „странство“

- На крајот на вториот квартал, **нето-позицијата на секторот „странство“** е позитивна и изнесува 573,9 милијарди денари, што претставува раст од 17,3 милијарди денари во однос на претходниот квартал, или 3,2%. Промената на позитивната нето-позиција на секторот „странство“ произлегува од поголемиот раст на финансиските средства, во однос на финансиските обврски.

- Во однос на релативните показатели, позитивната нето-позиција изнесува 64% од БДП, што претставува подобрување за 1,9 п.п. во однос на претходниот квартал.






# Сектор „странство“

**Квартална промена на вкупните средства, по инструменти (милијарди денари)**




**Годишна промена на вкупните средства, по инструменти (милијарди денари)**




- Во вториот квартал од 2024 година е остварен квартален раст на **вкупните финансиски средства на секторот странство** од 19,9 милијарди денари, односно 1,8%, главно како резултат на растот на капиталот (14,7 милијарди денари) и на останатите побарувања (7,7 милијарди денари).

- **Во однос на крајот на 2023 година**, остварен е раст од 77,2 милијарди денари, односно 7,3%, во најголем дел како резултат на порастот на побарувањата врз основа на капиталот (44,6 милијарди денари), кредитите (25,5 милијарди денари) и останатите побарувања (21,9 милијарди денари), во услови на намалени побарувања врз основа на должничките ХВ (8,1 милијарда денари) и врз основа на депозитите (6,9 милијарди денари).

# Сектор „странство“

**Квартална промена на вкупните обврски, по инструменти (милијарди денари)**




**Годишна промена на вкупните обврски, по инструменти (милијарди денари)**




- На страната на **финансиските обврски** е остварен квартален раст од 2,6 милијарди денари, односно 0,5%, како резултат на зголемувањето на обврските врз основа на капитал, на монетарно злато и СПВ и на должничките ХВ во вкупен износ од 5,8 милијарди денари, во услови на намалени обврски врз основа на кредити за 3,1 милијарда денари.

- На годишно ниво, **во однос на крајот на 2023 година**, е остварен раст од 36 милијарди денари, или 7%. Порастот на вкупните обврски во најголем дел е одраз на зголемените обврски врз основа на кредитите (23 милијарди), на зголемените останати обврски (22,8 милијарди) и обврските врз основа на должничките ХВ (12,9 милијарди). Намалување е забележано единствено кај обврските врз основа на готовите пари и депозитите за 33,8 милијарди денари.

# Ревизија на податоците – временска серија за периодот од 1 квартал на 2022 година до 1 квартал на 2024 година

- Во вториот квартал од 2024 година, се спроведе ревизија на временската серија на податоците почнувајќи од првиот квартал на 2022 година, заради подобар опфат и квалитет на податоците, којашто се должи на:

  - Дефинитивните податоци од завршните годишни сметки на правните субјекти (нефинансиски друштва и државата) за 2022 година;

  - Првичните податоци од завршните годишни сметки на правните субјекти (нефинансиски друштва и државата) за 2023 година. Ревизијата се однесува на податоците за 2023 година и првиот квартал од 2024 година за кои како директен извор се користат годишните податоци, за кои претходно беа направени квартални процени;

  - Ревизии на податоците кај примарните статистики (ревизии во екстерните статистики и ревизии кај ОФИ).

# Ревизија на податоците - временска серија за периодот од 1 квартал на 2022 година до 1 квартал на 2024 година

- Ревизиите во 2022 година не доведоа до промени на нето финансиската вредност на националната економија, поради еднаков раст на финансиските средства и обврски.
- Ревизиите во 2023 година и првиот квартал од 2024 година доведоа до подобрување на нето финансиската вредност на националната економија, на нефинансиските друштва и на домаќинствата, а до продлабочување на нето финансиската вредност на државата и на финансиските друштва.
- Ефектите од ревизиите се прикажани во следнава табела:

милиони денари

| ***пред ревизија*** | ***2023кв.1*** | ***2023кв.2*** | ***2023кв.3*** | ***2023кв.4*** | ***2024кв.1*** |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупна економија (С.1) | -524,203 | -539,270 | -536,908 | -549,011 | -563,272 |
| Нефинансиски друштва (С.11) | -1,004,530 | -1,007,968 | -1,015,916 | -1,042,779 | -1,069,831 |
| Финансиски друштва (С.12) | -8,155 | -3,562 | 257 | -6,498 | -26,777 |
| Држава (С.13) | -173,691 | -198,257 | -199,364 | -218,333 | -219,361 |
| Домаќинства и НПИСД (С.14) + (С.15) | 662,173 | 670,517 | 678,115 | 718,599 | 752,697 |
| Странство (С.2) | 524,203 | 539,270 | 536,908 | 549,011 | 563,272 |
| | | | | | |
| ***по ревизија*** | ***2023кв.1*** | ***2023кв.2*** | ***2023кв.3*** | ***2023кв.4*** | ***2024кв.1*** |
| Вкупна економија (С.1) | -516,611 | -525,779 | -517,865 | -532,731 | -556,659 |
| Нефинансиски друштва (С.11) | -1,004,028 | -1,002,781 | -1,001,740 | -1,032,845 | -1,068,053 |
| Финансиски друштва (С.12) | -8,360 | -4,041 | 460 | -6,886 | -28,027 |
| Држава (С.13) | -174,659 | -200,260 | -202,526 | -221,487 | -221,601 |
| Домаќинства и НПИСД (С.14) + (С.15) | 670,436 | 681,303 | 685,941 | 728,487 | 761,023 |
| Странство (С.2) | 516,611 | 525,779 | 517,865 | 532,731 | 556,659 |
| | | | | | |
| ***разлика*** | ***2023кв.1*** | ***2023кв.2*** | ***2023кв.3*** | ***2023кв.4*** | ***2024кв.1*** |
| Вкупна економија (С.1) | 7,591 | 13,491 | 19,044 | 16,280 | 6,614 |
| Нефинансиски друштва (С.11) | 502 | 5,187 | 14,177 | 9,934 | 1,778 |
| Финансиски друштва (С.12) | -205 | -479 | 203 | -388 | -1,250 |
| Држава (С.13) | -968 | -2,003 | -3,162 | -3,155 | -2,240 |
| Домаќинства и НПИСД (С.14) + (С.15) | 8,263 | 10,786 | 7,826 | 9,888 | 8,326 |
| Странство (С.2) | -7,591 | -13,491 | -19,044 | -16,280 | -6,614 |